Australian Government

actnowstaysecure.gov.au




## Што ризикувате онлајн?

Со брзиот напредок на технологијата и со тоа што поминуваме сè повеќе време онлајн, Австралијците сè повеќе се ранливи на сајбер напади.

Кампањата „Дејствувајте сега. Останете безбедни.“ ги подучува Австралијците за едноставни мерки за сајбер безбедност што секој може да ги преземе за да се заштити онлајн.

**Дејствувајте сега. Останете безбедни.**

## Како да бидете безбедни онлајн?

### Користете уникатна и силна лозинка во форма на фраза за секоја сметка

Користењето уникатна и силна лозинка во форма на фраза (passphrase) за секоја од вашите онлајн сметки е една од најефикасните мерки што можете да ја преземете за да останете безбедни онлајн.

Лозинката во форма на фраза е побезбедна. Таа содржи низа од случајни зборови. Тие се полесни за паметење, но потешки за сајбер-криминалците да ги погодат.

За вашите лозинки во форма на фрази да бидат силни и уникатни, осигурајте се дека:

- ✔ содржат четири или повеќе случајни зборови
- ✔ имаат 15 или повеќе букви и знаци
- ✔ се различни за секоја сметка
- ✔ не содржат податоци од кои можете да бидете идентификувани, на пример, презимиња, датуми на раѓање или адреси
- ✔ вклучуваат симболи, големи букви или броеви, доколку тоа го бара веб-страницата или службата.

Размислете за користење на менаџер за лозинки (password manager), апликација за создавање и чување на вашите уникатни лозинки во форма на фрази.

### Инсталирајте ажурирање на сиот софтвер за да ги заштитите вашите уреди

За да бидете безбедни онлајн, важно е постојано да инсталирате ажурирани верзии на софтверот на сите ваши уреди кои се поврзани на интернет (како што се вашиот телефон, лаптоп или паметен часовник).

Со ажурирање на софтверот се отстрануваат слабостите или празнините во безбедноста на вашите уреди. Редовното инсталирање на ажурирани верзии на софтверот го прави вашиот уред побезбеден и им отежнува на сајбер криминалците да добијат пристап до него.

Вклучете го автоматското ажурирање и не заборавајте да го инсталирате кога ќе добиете порака.

### Секогаш користете мулти-фактор автентикација

Вклучете мулти-фактор автентикација (multi-factor authentication) доколку е достапна, за да додадете дополнителен слој на безбедност на сите ваши онлајн сметки.

Мулти-фактор автентикацијата бара два или повеќе методи на потврдување на идентитет кога се најавувате на вашата сметка. На пример, откако ќе ја внесете вашата лозинка или лозинката во форма на фраза, од вас ќе биде побарано повторно да го потврдите вашиот идентитет, на пример со внесување на код кој ви е испратен преку апликација за автентикација, имејл или текст.

Мулти-фактор автентикацијата ја штити вашата сметка дури и ако еден од вашите други методи на автентикација (како што е вашата лозинка во форма на фраза) е компромитиран.




## Сакате да дознаете за повеќе начини како да бидете безбедни онлајн?

Барате повеќе начини како да останете безбедни онлајн? Следуваат неколку други мерки кои можете да ги преземете за да се заштитите онлајн.

### Бидете внимателни кога користите јавен Wi-Fi

Кога користите јавен Wi-Fi, не пристапувајте до тајни или лични податоци, бидејќи врската не е безбедна. Ова ги вклучува вашите сметки на социјалните мрежи, имејли или онлајн банкарски сметки. Сите информации што ќе ги внесете би можеле да бидат достапни за сајбер криминалците.

### Редовно проверувајте и ажурирајте ги вашите поставки за приватност и локација

Важно е често да ги проверувате поставките за приватност и локација, за да бидете сигурни дека случајно не споделувате со јавноста лични податоци или податоци од кои можете да бидете идентификувани.

Во поставките што треба да ги проверите се вклучуваат поставките за приватност на вашите сметки на социјалните мрежи и поставките за следење локација на вашите апликации и уреди.

### Разговарајте со пријателите и семејството за тоа како да бидете сајбер-безбедни онлајн

Подучувањето и свеста за сајбер безбедноста се клучни за вашата безбедност и безбедноста на вашето семејство и пријатели онлајн - особено ако споделувате уреди поврзани на интернет. Разговорот за тоа со членовите на вашата мрежа ја става сајбер безбедноста на прво место и гарантира дека тие ги добиваат најновите информации за тоа како да се заштитат онлајн.

### Научете како да идентификувате измама

Измамниците ги измамуваат луѓето да платат пари или да ги дадат своите лични податоци.

Никогаш не давајте пари или лични податоци на никого ако не сте сигурни со кого имате работа. Проверете така што ќе го контактирате лицето или организацијата користејќи ги податоците што сами ќе ги најдете од официјална веб-страница или апликација.

### Пријавете сајбер напади и инциденти

Пријавувањето на сајбер напади или инциденти е клучно за да ѝ помогне на владата да идентификува нови трендови, да ја предупреди заедницата и да ви помогне во закрепнувањето од сајбер инцидент.

Научете едноставни чекори како да се заштитите на actnowstaysecure.gov.au

Дејствувајте сега.
Останете безбедни.
actnowstaysecure.gov.au